**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точка 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисја на седницата одржана на **27.10.2021** година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## -за поништување на Измената на упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година, донесена под број 08-3154/1 од 26.10.2021 година

I. Со оваа Одлука поништува Измената на упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година, донесена под број 08-3154/1 од 26.10.2021 година.

II. Упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година останува во правна примена, **во целост**.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Државната изборна комисија на ден 26.10.2021 година донесе Измена на Упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година, заведена под број 08-3154/1, со која во Упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година на начин што во став 7 во третиот и четвртиот ред се бришат зборовите „ако гласачкото ливче нема печат на предната страна“, во согласност со член 115, а во врска со член 110 од Изборниот законик.

Со оваа одлука се поништува донесената Измена на Упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година, донесена од Државната изборна комисија под број 08-3154/1 од 26.10.2021 година.

Со стапувањето на сила на оваа одлука, Упатството за важечки и неважечки гласачки ливчиња бр.10-689/1 од 03.03.2020 година останува во правна примена, во целост.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Број** 08-3154/2
27.10.**2021 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.д-р. Александар Даштевски**